| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Сонцето живот значи |
| **Содржина на денот** | Сонце свети и грее |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Татјана Јовановска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за правилниот редослед на миење на рацете и одржување на хигиената во домот, градинката и просторот околу нас. |
| **Активности** | Активноста можеме да ја реализираме во природа. Излегуваме на прошетка во блиската околина, паркот, дворот можеме да земеме сликовници, детски енциклопедии и други печатени материјали кои ќе ни помогнат за да ја реализираме оваа активност. За да го запознаеме детето со Сонцето како основен животен извор на светлина и топлина и да ги поттикнеме неговите веќе стекнати знаења поставуваме прашања на пр. Што свети толку силно горе на небото?; Каква боја е сонцето?; Како изгледа сонцето?; Кога нема сонце дали ни е ладно или топло?. Може и детето да поставува  прашања , да ги разгледува материјалите кои ќе му ги понудме и да разговараме додека има интерес. По разговорорт  можеме да му предложиме да нацрта или обои готова контура на сонце со боички по избор. |